# ЗДРУЖЕНИЈАТА НА НОВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА И КОСОВО СО ЗАЕДНИЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА СОРАБОТКА

Share
Tweet



Претставници на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и Здружението на новинари на Косово (АГК) на 27ми мај одржаа работен состанок на кој се разговараше за состојбата на новинарите како и медиумите во двете земји.

Драган Секуловски, извршниот директор на ЗНМ пред дваесетина колешки и колеги од разни медиуми од Косово ги претстави тековните проекти и залагања на ЗНМ во насока на подобрување на солидарноста на фелата но и заштита на правата на новинарите во Македонија кога тие се под закана. Една од формите на подобрување на соработката помеѓу

новинарите но и унапредување на нивните знаења е преку активностите на тематските секции на ЗНМ во Скопје но и во другите градови, истакна Секуловски.

Џемаил Реџа, претседател на одборот на Здружението на новинари на Косово, говореше за состојбата со правата на новинарите но и предизвиците кои ги имаат медиумите во нивниот локален контекст. Тој истакна дека ваквите колаборативни посети во соседните земји и размена на искуства и знаења позитивно влијаат на комуникацијата и идната соработка помеѓу новинарите во целиот регион.

На оваа работна средба беше разговарано за можноста да се организираат слични студиски посети на новинарите во земјите од Западен Балкан на теми кои ќе бидат од интерес на новинарите но посебно во насока на заедничко унапредување на професионалните стандарди споделување на информации за успешни примери од работата на новинарите и медиумите. Присутните дебатираа за предизвиците со дезинформациите во регионот, безбедноста на новинарите и за модели за финансирање на медиуми.

Оваа посета на колегите од Косово е дел од активностите на АГК во соработка со Академијата за информативен интегритет на новинарите и предвидува посета на група на млади новинари на неколку медиумски организации но и медиуми во Скопје.

Администратор 29/05/2022 09:35

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ



**Коалициските партнери од власта в недела на средба (/Home/PostDetails?PostId=487086)**



**Средба на претседателот Пендаровски со сер Стјуарт Пич, Специјален претставник на Обединетото Кралство за Западен Балкан (/Home/PostDetails?PostId=487085)**




**Ковачевски: Кај нас не е стигнат усогласен предлог од членките на ЕУ, имаме јасни позици дека за идентитетот не се преговара (/Home/PostDetails?PostId=487083)**



**Шаќири: Наша мисија е да обезбедиме еднакви услови за сите ученици (/Home/PostDetails?PostId=487077)**



**Ковачевски на Преспа форум: Интегриран Западен Балкан е важен за обединета економски силна Европа (/Home/PostDetails?PostId=487073)**



**Вархеjи: Како што Македониjа и Грциjа можеа да го надминат спорот, така и Бугариjа да ги зајакне напорите и да го направи истото (/Home/PostDetails?PostId=487070)**



**Средба на претседателот Пендаровски со хрватскиот претседател Милановиќ: Искрена и јасна хрватска поддршка за македонските евроинтеграции (/Home/PostDetails?PostId=487067)**




**Ковачевски: Загубено драгоцено време во евроинтеграцијата на Македонија, посветени сме на сегешаноста и иднината (/Home/PostDetails?PostId=487063)**



**Состанок во форматот Б6 со специјалните претставници за Западен Балкан (/Home/PostDetails?PostId=487055)**

Makpress.mk
48,106 likes

Like Page Share

Makpress.mk
about 2 weeks ago

Во западногерманската покраина Сар од камион паркиран на автопат на место за одмор украдени се 230 килограми кашкавал.

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk